ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Предлагач : Градоначалник на
Општина Аеродром
Доц. д-р Тимчо Муцунски

Изготвувач: Сектор за финансиски
прашања

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# ЗА 2022 ГОДИНА

**февруари 2023 година**

**Содржина:**

- **Вовед**
- **Годишна сметка/наративен дел**
- **Извештај за средствата, побарувањата , обврските и изворите на средствата и нивната вредност**
- **Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациии дотациите за делегирани надлежности**
- **Извештај за користење на средства од резервите**
- **Извештај од одговорниот сметководител**
- **Прилози**
  **- Биланси на приходи и расходи**

## 1. Вовед

### 1.1. Основни податоци за Општината

Според пописот од 2021 година, вкупниот број на жители во Општина Аеродром е 77 735 жители.

Општина Аеродром се простира на површина од 20 км² и тоа: урбан дел 10,4 км² или 60%, рурално земјиште 9,6 км² или 40%. Општината е составена од седум населби и тоа: Мичурин, Аеродром, Јане Сандански, Лисиче, Ново Лисиче, Регионален центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче.

Граници на општината: од мостот на железничката пруга на р. Вардар – тромеѓе на Општина Аеродром, Центар и Гази Баба и се движи долж Транспортен центар „Скопје", железничката пруга во правец кон Велес до мостот Маркова река, продолжува по надворешната граница на катастарска општина Долно Лисиче до р.Вардар и свртува спротивно до мостот на железничката пруга на р. Вардар.

### 1.2. Буџет и Одлука за извршување на Општината

**Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година** со бр.09-472/25 од 31.12.2021 година, е изгласан на Советот на Општина Аеродром на 4-та седница одржана на 30.12.2021 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.21/21 од 31.12.2021 година). Во текот на 2022 година усвоени се следните измени и дополнувања на буџетот на општината: Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година бр.09-132/2 од 31.03.2022 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.05/22 од 31.03.2022 година), Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година бр.09-198/3 од 11.05.2022 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.07/22 од 11.05.2022 година), Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година бр.09-265/3 од 15.06.2022 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.10/22 од 16.06.2022 година), Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година бр.09-416/33 од 15.11.2022 година (Службен гласник на Општина

Аеродром“ бр.10/22 од 16.11.2022 година), како и Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година бр.09-460/2 од 05.12.2022 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.17/22 од 05.12.2022 година).

**Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година** со број 09-472/14 од 31.12.2021 година, е усвоена на Советот на Општина Аеродром на 4-та седница одржана на 30.12.2021 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.21/21 од 31.12.2021 година). Во текот на годината изгласана е Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година со бр.09-97/27 од 10.03.2022 година (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр.04/22 од 11.03.2022 год.), и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година со бр.09-416/32 од 15.11.2022 година (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр.16/22 од 16.11.2022 год.).

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

**Вкупно реализираните приходи** по разни основи за 2022 година изнесуваат 1.120.177.865 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 192.738.867 денари од пренесените приходи од минатата година), што претставува вкупна реализација на приходи во буџетот на општината од 86,1% (односно 92,8% реализација вклучително вкупните пренесени приходи од минатата година), во однос на планираните 1.300.908.000 денари.

Во рамките на **основниот буџет** на општината, вкупните реализирани приходи во 2022 година изнесуваат 603.740.548 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 174.814.224 денари од пренесените приходи од минатата година), кои во однос на планираните 727.103.000 денари претставуваат 83% реализација (односно 91,7% реализација вклучително пренесените приходи од минатата година). Во истите, даночните приходи учествуваат со износ од 384.902.749 денари, неданочните приходи учествуваат со износ од 6.433.466 денари, капиталните приходи учествуваат со износ од

4.971.864 денари, додека трансфери и донации учествуваат со износ од 207.432.469 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 174.814.224 денари од пренесените приходи од минатата година).

**Табела бр.1**: На сметката **основен буџет** на Општина Аеродром за 2022 година, планирани се и реализирани следните приходи:

| | | план | реализација |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **727.103.000** | **603.740.548** |
| **71** | **Даночни приходи** | **456.700.000** | **384.902.749** |
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 18.300.000 | 26.592.200 |
| 713 | Даноци на имот | 95.500.000 | 136.841.860 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 342.850.000 | 221.351.482 |
| 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 50.000 | 117.207 |
| **72** | **Неданочни приходи** | **4.600.000** | **6.433.466** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 600.000 | 956.890 |
| 723 | Такси и надоместоци | 1.500.000 | 1.689.462 |
| 725 | Други неданочни приходи | 2.500.000 | 3.787.114 |
| **73** | **Капитални приходи** | **2.750.000** | **4.971.864** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематер. вложув. | 2.750.000 | 4.971.864 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **263.053.000** | **207.432.469** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 263.053.000 | 207.432.469 |

Вкупните реализирани приходи во делот на **блок дотациите** за 2022 година изнесуваат 450.035.478 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 171.711 денари од пренесените приходи од минатата година), што претставува реализација од 99,8% во однос на планираните приходи.

Во делот на **донациите** вкупните реализирани приходи за 2022 година изнесуваат 22.519.439 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 17.752.932 денари од пренесените приходи од минатата година).

Вкупните реализирани приходи од **самофинансирачките активности** на буџетските корисници на општината изнесуваат 43.882.400 денари, што претставува реализација од 57,8% во однос на планираните приходи.

Општина Аеродром во 2022 година немаше планирани финансиски средства од **кредити**.

Од компаративниот преглед на одделните категории на приходи врз основ на нивниот план и нивната остварена реализација, може да се согледа односот на планираните приходи со соодветна реализација на истите.

**Графикон бр.1**: Компарација помеѓу планираните и реализирани приходи за 2022 година во делот на **основен буџет** на Општина Аеродром:




Во следната табела е прикажано учеството на приходите по сметки во вкупните реализирани приходи во консолидираниот буџет на Општина Аеродром за 2022 година, и тоа реализирани приходи во делот на основен буџет, блок дотации, самофинансирачки активности, како и делот кој се однесува на донациите.

**Табела бр.2**: Учество на приходите по сметки во вкупните реализирани приходи на буџетот на Општина Аеродром за 2022 година:

| | | план | реализација |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **727.103.000,0** | **603.740.548,0** |
| **71** | **Даночни приходи** | **456.700.000,0** | **384.902.749,0** |
| **72** | **Неданочни приходи** | **4.600.000,0** | **6.433.466,0** |
| **73** | **Капитални приходи** | **2.750.000,0** | **4.971.864,0** |
| **74** | **Трансфери и донации** | **263.053.000,0** | **207.432.469,0** |

### 2.2. Расходи на Општината

**Вкупните реализирани расходи** на Општина Аеродром за 2022 година изнесуваат 1.119.348.591 денари, што претставува 86,04% реализација во однос на вкупно планираните расходи.

Во делот на **основен буџет** расходите изнесуваат 603.740.548 денари, односно 83% реализација од планираните расходи во износ од 727.103.000 денари.

**Табела бр.3**: На сметката **основен буџет** на Општина Аеродром за 2022 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | **план** | **реализација** |
|---|---|---|---|
| | | **727.103.000** | **603.740.548** |
| | **Плати наемнини и надоместоци** | **90.074.000** | **73.136.834** |
| 401 | Основни плати | 57.629.000 | 46.517.388 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 22.725.000 | 17.744.490 |
| 403 | Останати придонеси од плата | 0 | 0 |
| 404 | Надоместоци | 9.720.000 | 8.874.956 |
| | **Резерви и недефинирани расходи** | **6.000.000** | **960.145** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 3.000.000 | 150.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 3.000.000 | 810.145 |
| | **Стоки и услуги** | **340.014.000** | **282.901.878** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 120.362.000 | 110.946.576 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 28.340.000 | 23.922.867 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 109.805.000 | 89.576.507 |
| 425 | Договорни услуги | 56.291.000 | 40.466.776 |
| 426 | Други тековни расходи | 10.760.000 | 5.227.751 |
| 427 | Привремени вработувања | 14.456.000 | 12.761.401 |
| | **Субвенции и трансфери** | **91.272.000** | **84.973.490** |
| 463 | Трансфери до невладини огранизации | 40.790.000 | 38.650.000 |
| 464 | Разни трансфери | 50.482.000 | 46.323.490 |
| | **Капитални расходи** | **199.743.000** | **161.768.201** |
| 480 | Купување опрема и машини | 17.420.000 | 10.575.714 |
| 482 | Други градежни објекти | 140.323.000 | 112.447.716 |
| 483 | Купување мебел | 100.000 | 0 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 29.150.000 | 26.268.489 |
| 486 | Купување на возила | 12.750.000,0 | 12.476.282,0 |

Компаративен однос на одделните категории на расходи во делот на **основен буџет**, врз основ на нивниот план и нивата остварена реализација, може да се согледа во следниот графикон:

**Графикон бр.2**: Компарација помеѓу планираните и реализирани расходи за 2022 година во делот на **основен буџет** на Општина Аеродром:




Во делот на **блок дотациите**, вкупната реализација која се однесува на основните училишта и детските градинки на територијата на Општина Аеродром вкупно изнесува 450.035.478 денари, што претставува реализција од 99,8% во однос на планираните 450.882.000 денари.

**Табела бр.4**: На сметката **блок дотација** на Општина Аеродром за 2022 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| **План - реализација на расходи - блок дотации** | | **план** | **реализација** |
|---|---|---|---|
| | | **450.882.000** | **450.035.478** |
| **40** | **Плати наемнини и надоместоци** | **416.694.000** | **416.010.750** |
| 401 | Основни плати | 299.901.000 | 299.530.211 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 116.793.000 | 116.480.539 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **34.188.000** | **34.024.728** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 17.264.000 | 17.191.034 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 2.356.000 | 2.328.980 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 756.000 | 705.571 |
| 425 | Договорни услуги | 1.856.000 | 1.849.745 |
| 426 | Други тековни расходи | 258.000 | 256.398 |
| 427 | Привремени вработувања | 11.698.000 | 11.693.000 |

Реализацијата на расходите во делот на **самофинансирачките активности** изнесува 43.053.126 денари, што претставува реализција од 56,7% во однос на планираните 75.928.000 денари.

**Табела бр.5**: На сметката **самофинансирачки активности** на Општина Аеродром за 2022 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| План - реализација на расходи - самофин. активности | | план | реализација |
|---|---|---|---|
| | | **75.928.000** | **43.053.126** |
| **42** | **Стоки и услуги** | **72.973.000** | **42.236.158** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.203.000 | 280.604 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 7.920.000 | 1.318.082 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 37.216.000 | 28.798.537 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 10.627.000 | 6.748.510 |
| 425 | Договорни услуги | 5.869.000 | 3.645.012 |
| 426 | Други тековни расходи | 3.118.000 | 1.266.942 |
| 427 | Привремени вработувања | 7.020.000 | 178.471 |
| **48** | **Капитални расходи** | **2.955.000** | **816.968** |
| 480 | Купување опрема и машини | 1.995.000 | 816.968 |
| 483 | Купување мебел | 960.000 | 0 |

Во делот на **донациите** вкупните реализирани расходи за 2022 година изнесуваат 22.519.439 денари, што претставува реализација од 47,9% во однос на планираните расходи во износ од 46.995.000 денари.

**Табела бр.6**: На сметката **донациите** на Општина Аеродром за 2022 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| Вкупни расходи - донации | | план | реализација |
|---|---|---|---|
| | | **46.995.000** | **22.519.439** |
| | **Стоки и услуги** | **28.595.000** | **13.925.346** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 12.617.000 | 8.339.625 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 60.000 | 60.000 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 830.000 | 612.565 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 2.460.000 | 0 |
| 425 | Договорни услуги | 9.231.000 | 2.766.957 |
| 426 | Други тековни расходи | 3.397.000 | 2.146.199 |
| | **Субвенции и трансфери** | **6.000.000** | **4.000.000** |
| 464 | Разни трансфери | 6.000.000 | 4.000.000 |
| | **Капитални расходи** | **12.400.000** | **4.594.093** |
| 480 | Купување опрема и машини | 11.000.000 | 3.219.265 |
| 485 | Други нефинансиски средства | 1.400.000,0 | 1.374.828,0 |

**Вкупните реализирани расходи** по одделни сметки во рамки на консолидираниот буџет на Општина Аеродром за 2022 година се претставени во следната табела:

**Табела бр.7**: План - реализација по сметки на буџетот на Општина Аеродром за 2022 година:

| Вкупен план - реализација на расходи | план | реализација |
|---|---|---|
| | 1.300.908.000 | 1.119.348.591 |
| Основен буџет | 727.103.000 | 603.740.548 |
| Блок дотации | 450.882.000 | 450.035.478 |
| Самофинансирачки активности | 75.928.000 | 43.053.126 |
| Донации | 46.995.000 | 22.519.439 |

**Графикон бр.3**: Компарација помеѓу планирани и реализирани расходи во 2022 година по сметки на **буџетот** на Општина Аеродром:



**3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност**

Согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, единиците на локална самоуправа на крајот од фискалната година се должни да изготват годишна сметка и тоа посебно за секоја сметка.

Градоначалникот ја доставува годишната сметка за изминатата година до Советот на општината, најдоцна до 28 февруари во тековната година. Составен дел на годишната сметка се и податоците за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата чии што износи поединечно се следниве:

3.1 Побарувањата на Општина Аеродром за 2022 година изнесуваат 102.793.917,00 денари, од кои најголем дел се однесуваат на побарувања од надоместок за градежно земјиште, комунална такса за фирмарина, побарувања за данок на имот од физички лица, побарувања по основ на данок на имот од правни лица, и побарувања по основ издавање киоск под закуп;

3.2 Обврските на Општина Аеродром за 2022 година изнесуваат 14.395.405,00 денари, од кои најголемиот дел се однесуваат за обврски за градежни работи кои се изведуваат на територијата на општината, обврски за ДДВ по ситуации за изведени градежни работи во четвртиот квартал од 2022 година, како и обврски пристигнати при крајот на месец декември кои поради краткиот временски период за исплата се пренесени како обврски за наредната година. Овие обврски ги содржат и платите на вработените, надоместоците за советниците за 12 месец кои се исплаќаат во месец јануари;

3.3 Изворите на средства на Општина Аеродром за 2022 година, вклучително пренесените приходи од минатата 2021 година, изнесуваат 667.158.656,00 денари, од кои најголемиот дел се однесува на даночните приходи и трансфери;

3.4 Основни средства на Општина Аеродром за 2022 година изнесуваат 1.921.817.091,00 денари кои се однесуваат на целокупната опрема која ја поседува Општина Аеродром.

**4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите и дотациите за делегирани надлежности**

Реализацијата на инвестиционите програми во буџетот на Општина Аеродром за 2022 година е во директна релација со капиталните расходи на повеќе програми и потпрограми.

Вкупните капитални расходи за 2022 година изнесуваат 167.179.262 денари, од кои најголем дел во износ од 161.768.201 денари се однесуваат на делот на **основен буџет** на општината, а останатите капитални расходи се однесуваат на колоните **самофинансирачки активности** и **донации**.

Во рамките на **надлежноста Е - Општинска администрација**, **програма ЕА – Капитални расходи на општината**, во капитални расходи за 2022 година, реализирани се вкупно 3.903.735 денари, наменети за набавка на компјутери, монитори, и друга информатичка опрема, како и лиценциран софтвер и антивирусни програми за потребите на општината.

Во **надлежноста Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот**, вкупните реализирани капитални расходи за 2022 година изнесуваат 50.758.995 денари, и истите се однесуваат на **програмата ФА - Капитални расходи за уредување на градежно земјиште.** Најголем дел од нив се однесуваат на подготовка на основни проекти за комунална инфраструктура, ревизија на истите, подготовка на геодетски елаборати, дислокација на кабелски водови, надградба на ГИС, средства за надоместок за одземен имот на територија на општината, изведба на улици во општината, како и стручен надзор над изведбата.

Во **надлежноста Г - Локален економски развој**, реализацијата на капиталните расходи во 2022 година во рамки на **Програмата ГА - Изградба на објекти** изнесува 4.594.093 денари, и се однесува на Проектот „Clean AirDrom - zero solid waste in Municipality of Aerodrom", ко-финансиран од Европската Унија.

Во рамките на **надлежноста Ј – Комунални дејности**, во делот на капиталните расходи, вкупната реализација изнесува 28.531.432 денари, која се однесува на колоната **основен буџет,** и тоа на програмите: **Програма ЈА - Изградба на јавно осветлување** во износ од 292.993 денари, **Програма ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** во износ од 357.742 денари, **Програма ЈЕ - Изградба напростор за паркирање** во износ од 38.232 денари, **Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација** во износ од 2.615.783 денари, **Програма ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** во износ од 53.808 денари, **Програма ЈК - Капитални расходи за јавна чистота** во износ од 12.476.282 денари, **Програма ЈМ - Капитални расходи за паркови и зеленило** во износ од 161.147 денари, како и **Програма ЈН - Капитални расходи за урбана опрема** во износ од 12.535.445 денари.

Во рамките на **надлежноста Р – Заштита на животна средина и природа, програма РА – Капитални расходи за заштита на животна средина и природа**, капиталните расходи учествуваат со износ од 5.061.981 денари и истите се однесуваат на обнова на дел од блоковското зеленило на територија на општината, поставување фотоволтаици на основните училишта во општината, како и надзор над изведбата.

Во рамките на **надлежноста Н - Основно образование,** вкупната реализацијата на капитални расходи изнесува 10.660.481 денари, од кои најголем дел се однесуваат на колоната **основен буџет** во вкупен износ од 10.155.907 денари. Истите се наменети за изготвување на основни проекти и нивна ревизија за потребата од поставување на лифтови за деца со посебни потреби, надградба, доградба, партерно уредување и осветлување на дел од училишните објекти, набавка на кујнска опрема на училишен објект, набавка на информатичка опрема - таблети за учениците и слично. Останатиот износ од 504.574 денари, како дел од вкупните капитални расходи се однесува на колоната **самофинансирачки активности**.

Во вкупната реализацијата на расходи, во **надлежноста В - Социјална заштита и заштита на децата**, капиталните расходи учествуваат со вкупен

износ од 63.668.545 денари. Од нив, во колоната **основен буџет,** реализацијата изнесува 63.356.151 денари наменети за изградба на детска градинка, како и стручен надзор на истата, додека останатиот износ од 312.394 денари се однесува на колоната **самофинансирачки активности**.

Реализирани активности од страна на **Одделението за комунални работи и заштита на животната средина** во текот на 2022 година

ТАБЕЛА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРИ ЗА 2022 ГОДИНА

| р.б. | Изведувач | Договор за | Вредност на договорот со ДДВ | Сума по ситуации со ДДВ (исплатено) | Тип на реализиран договор : |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 29 Ноември | Изработка и поставување на клупи, корпи за отпадоци и столбчиња | 2.299.230,00 | 2.299.230,00 | целосно р |
| 2 | Мастеф | Одржување и реконструкција на детски и спортски игралишта на територија на ОА | 9.676.000,00 | 9.675.96,04 | целосно р |
| 3 | Мастеф | Одржување и реконструкција на детски и спортски игралишта на територија на ОА | 5.958.995,97 | 5.959.000,00 | целосно р |








АЕРОДРОМ
АЕРОДРОМ
АЕРОДРОМ
АЕРОДРОМ
АЕРОДРОМ
АЕРОДРОМ
АЕРОДРОМ



**Реализирани активности во 2022 година –**
**Одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови**

- Во делот на изработка и донесување/одобрување урбанистичка планска документација и друга урбанистичка проектна документација Одделението за урбанизам и подготовка на урбанистички планови во текот на 2022 година ги реализира следните активности:

1. Прифатени/одобрени иницијативи

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 18-3552/1 14.12.2022 | Урбанистички проект за КП 2753, 2754 и 2755/1 | / | Прифатен/одобрен | Приватна иницијатива |
| 18-3664/1 22.12.2022 | ДУП за градска четврт ЈИ03 блок 03.06, Општина Аеродром | / | Прифатен/одобрен | Приватна иницијатива |

2. Одобрени плански/проектни програми:

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 44489 18-2212/1 18.07.2022 | ПП за ДУП за градска четврт И10 блок 10.03 | Билд Урбан доо Скопје | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 45773 18-2660/1 13.09.2022 | ПП за ДУП за градска четврт ЈИ04 блок 04.03 | ТАЈФА АРХИТЕКТИ дооел Куманово | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 45782 18-2663/1 13.09.2022 | ПП за ДУП за градска четврт ЈИ06 блок 06.02 | ТАЈФА АРХИТЕКТИ дооел Куманово | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 45800 18-2669/1 14.09.2022 | ПП за ДУП за градска четврт ЈИ06 блок 06.06 и блок 06.07 | Билд Урбан доо Скопје | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 41023 18-502/1 14.02.2022 | ПП за УП за КП 2660/3 КО Горно Лисиче, намена Г3.3 | ЗУМ проект доо Скопје | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 42215 18-1183/1 04.04.2022 | ПП за УП за КП 816 КО Долно Лисиче-вон град , намена Г2 | Урбан Проектинг доо | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 43727 18-1859/1 06.06.2022 | ПП за УП за КП2843/1 КО Горно Лисиче, намена Г2 | Тајфа Архитекти доо Куманово | Одобрена | Приватна иницијатива |

3. Завршени постапки за донесување детални урбанистички планови:

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 34894 18-888/1 05.04.2021 | ЈИ06 блок 06.06 и 06.07 | Ин Пума доо Скопје | Прекината постапка | Приватна иницијатива |

4. Завршени постапки за техничка исправка на урбанистичка планска документација:

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 18-2411/1 08 08 2022 | ТИ за ДУП за градска четврт И17 блок 17.03 | / | Одбиено барање | Приватна иницијатива |
| 45560 18-2595/1 02.09.2022 | ТИ за ДУП за градска четврт И11 блок 11.02 | Тајфа Архитекти дооел Куманово | Одобрена | Приватна иницијатива |

5. Завршени постапки за одобрување урбанистички проекти и проекти за инфраструктура:

   Нема податоци

6. Завршени постапки за одобрување прекопи на јавни површини заради поставување инфраструктура:

   Нема податоци

7. Во текот на 2022 година изработени и издадени се:

- 713 Изводи од урбанистичка планска документација
- 109 Уверенија за катастарска парцела
- 395 Известувања за карактер на земјиште

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ, КУЛТУРА И ЗАШТИТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2022 година**

I. ОБРАЗОВАНИЕ

Од областа на образованието, во текот на 2022 година, Општина Аеродром ги спроведе следните мерки и активности:

1. Осигурување на објектите на основните училишта за одговорност од предизвикана штета;
2. Обезбедување на објектите на основните училишта и детските градинки на територијата на Општина Аеродром;
3. Дополнителни средства за тековно работење и одржување на училиштата, средства за договорни услуги и привремени вработувања во основните училишта;
4. Поддршка на здруженија на граѓани за проекти од областа на образованието, и тоа:
   - Здружение за едукација и тренинг Цет платформа
   - Здружение на ѓрагани поддржувачи на европски интеграции Младински институт за европски студии ;
   - Здружение за промовирање на општествената одговорност „Урбан свет“;
   - Поврзани- здружение на граѓани за заштита на правата на деца;
   - Здружение за едукација еманципација и остварување на правото на жената „ Биди Храбра“;
   - Асоцијација за правата на деца и младинци со посебни потреби Ластовица;
   - Здружение за значење на еколошкото образование за осовременување на образовниот процес Аеродром ЗЕОООП;
   - Центар за зачувување и развој на македонскта фолк музика , фолклорно творештво, едукација и иновација надеца-Фолконика;
5. Еднократен паричен надомест за секое прваче во учебната 2022/2023 година во основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
6. Еднократна парична награда за најдобар ученик на генерација од секое основно училиште во Општина Аеродром;

7. Набавка на училишна облека за сите ученици во основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
8. Парична помош за надомест на патни трошоци на ученици со попреченост;
9. Проект за поставување на лифтови за деца со посебни потреби во ООУ „Александар Македонски“ и ООУ „Гоце Делчев“;
10. Набавка на кујнска опрема за ООУ „Димитар Македонски“;
11. Проект за партерно уредување и осветлување во ООУ „Димитар Македонски“;
12. Одржување на објектите на основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
13. Набавка на таблети за основните училишта;
14. Елаборат за геомеханика за спортска сала во ПОУ „Гоце Делчев“;
15. Проекти за надградба и доградба на ООУ „Гоце Делчв“ и ООУ „Блаже Конески“;
16. Еднократна парична награда за најдобар наставник/стручен соработник од основните училишта на подрачјето на Општина Аеродром.

## II. СПОРТ

Од областа на спортот во 2022 година , се реализирани следниве мерки и активности:

1. Поддршка на спортски манифестации и активности кои се организираат на подрачје на Општината од страна на здруженија на граѓани по објавен јавен оглас наменети за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и здруженија на граѓани кои организираат спортски манифестации:
   - Здружение за развој и иновации за поздрав живот АРЕОЛА;
   - Здружение на граѓани КОШАРКАРСКИ КЛУБ НЕКСТ СТАРС;
   - Планинарски клуб АЈ ЛАВ ХАЈКИНГ ГРУП МАСЕДОНИА Скопје;
   - Спортско движење – Здружение на спортски активности;
   - Здружение на граѓани Ракометен клуб АЕРОДРОМ;
   - Здружение на граѓани Женски ракометен клуб ВАРДАР;
   - Здружение на граѓани Фудбалски клуб ФОРЦА ВАРДАР Скопје;

- Здружение на граѓани Атлетски клуб Кираџиев тренинг системс ;
- Здружение на граѓани КБК ВИКИНГ;
- Здружение на граѓани КЛУБ ПРОКИК ФЕМИЛИ СКОПЈЕ;
- Здружение на граѓани Карате клуб АВТОКОМАНДА;
- Здружение на граѓани Кошаркарски клуб ГРИЗЛИ БАСКЕТ;
- Здружение на граѓани Одбојкарски клуб МАСТЕР ВОЛЕЈ;
- Здружение Џудо клуб- СУПЕР ЏУДО;
- Здружение на граѓани Кугларски клуб ВАРДАР 2014.

2. Поддршка на истакнати спортски клубови кои ја претставуваат Општина Аеродром на домашно и меѓународно ниво по доставено барање или Јавен оглас за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и здруженија на граѓани кои организираат спортски манифестации :

- Кошаркарски Клуб МЗТ ;
- ЖЕНСКИ ОДБОЈКАРСКИ КЛУБ ВАРДАР;
- Женски кошаркарски клуб МЗТ Скопје;
- Женски кошаркарски клуб ВАРДАР;
- КИК БОКС ГЛАДИЈАТОР;
- Карате клуб ОЛИМПИК спорт 2007;
- Карате клуб  АЕРОДРОМ;
- Стрелачки клуб АЛФА 10.9;
- Тениски клуб ПОИНТЕР;
- Кошаркарски клуб БАСКЕТ ГА-БА;
- ПЛИВАЧКИ КЛУБ ДЕЛФИН;
- Карате клуб – САМУРАЈ;
- Одбојкарски клуб АКАДЕМИЈА БУБЕ БОЛЕЈ;
- Фудбалски клуб АЕРОДРОМ;
- Ракометен клуб ВАРДАР.

3. Поддршка на училишен спорт
    - Финансиска поддршка на Општински сојуз на училишен спорт Аеродром (ОСУСА)- СКОПЈЕ

## III. КУЛТУРА

Општина Аеродром, со цел да обезбеди поддршка на културата, во текот на 2022 година ги спроведе следните активности:

1. Одбележување на 150-годишнината од раѓањето на македонскиот револуционер Јане Сандански со положување свежо цвеќе на спомен обележјето Јане Сандански во истоимениот парк;
2. Спонзорство на манифестацијата Илинденски марш – Коњички марш кон Крушево се одржа по 44-ти пат по повод македонскиот национален празник Илинден во организација на Здружението на граѓани од Горно Лисиче „Илинденски марш 1978“, на кој учествуваа коњаници од различна возраст;
3. Спонзорство на НУ Театар Комедија – Скопје за реализација на деветти Меѓународен фестивал на комедијата „Гола Месечина“ којшто се реализираше на отворена сцена поставена на фудбалскиот терен во Реонски центар со бесплатни претстави за граѓаните;
4. Финансиска поддршка – донација за организирање на манифестација Велигденски средби;
5. Јавен оглас за прибирање на барања за користење на средствата од Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година, наменети за финансиска поддршка за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации во делот на културата: Здружение на граѓани Пап Продукција, Фолклорен ансамбл „Вапцаров“, КУД „Гоце Маркоски“ – Долно Лисиче, Здружение на граѓани за културна и образовна иницијатива Реверанс Скопје, Здружение за традиционално организирање на Илинденски марш 1978, Совет на родители на деца и лица со церебрална парализа Златни Ангели, Здружение на граѓани Креативен центар „Тинтири Минтири“, Асоцијација за подигнување на свеста ГРОУ Скопје, Икуалити-Здружение на граѓани за активно вклучување и соодветен третман на лица со попреченост, Здружение за заштита и промоција и унпредување на македонската музика НЕКСТ ТАЈМ и Здружение за Заштита на правата на културните работници Асоцијација за културна афирмација;
6. Јавен оглас за реализација и финансирање на „ДРОМФЕСТ“, „ВИНОДРОМ“ и „БАЗАРФЕСТ“ (Проектни активности од програмата за

култура во делот на проекти од јавен интерес од средствата на Буџетот на општина Аеродром) со финансиска поддршка за: Здружение домаќинки на Македонија за организирање на „Дромфест“ и Здружение за поддршка и развој на културата ЕКВИЛИБРИУМ за организирање на „Базарфест“ и „Винодром“.

## IV. СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА

Од областа на социјалната и детската заштита, во текот на 2022 година, реализирани се следните мерки и активности:

1. Еднократна парична помош за семејство со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром,
2. Еднократна парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесно семејство и боледување подолго од шест месеци, за лицата вработени во општината, општинските буџетски корисници и нивните семејства,
3. Поддршка на здруженија на граѓани за реализација на активности за социјална превенција и заштита на социјално ранливи категории на граѓани:

- Финансиска поддршка на Здружение за образовно истражувачки развој ЕУ институт Скопје,
- Финансиска поддршка на Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби,
- Финансиска поддршка на Здружение за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој „Во мојот свет“,
- Финансиска поддршка на Здружение за родова еднаквост „Една може“ подружница „Младите на Една може“,
- финансиска поддршка на Национално здружение за социјална инклузија, рехабилитација и општествена интеграција на лица со посебни потреби - Созвездие,
- Финансиска поддршка на Фондација Марко Божиновски,
- Донација на новогодишни пакетчиња за штитениците на 7 здруженија на граѓани за поддршка на деца со посебни потреби од подрачјето на

општината и за децата од Шелтер центарот за жртви на семејно насилство при ЈУМЦСР на Град Скопје,

- Финансиска поддршка и реализација на проектот Општинско-корисна работа.

4. Еднократна парична помош на жители на Општина Аеродром заради тешка здравствена состојба (лекување и оперативен зафат во странство, онколошки заболувања и др.нарушувања на здравствената состојба)

5. Парична помош за лица од социјално ранливи категории погодени од економската и енергетската криза (корисници на гарантирана минимална помош, самохрани родители и пензионери со ниски пензии)

6. Детска заштита-детски градинки:

- Финансиска поддршка за тековно работење на градинките (централно греење, течни горива, наставно-образовни помагала, средства за хигиена),
- финансиска поддршка за привремени вработувања и други договорни услуги,
- обезбедување и мониторинг на објектите на детските градинки,
- изградба на објект и надзор над изградба на објект Црвенкапа при ЈДГОА Срничка,
- одржување и надзор над одржување на објекти на детски градинки (реконструкција и санација на фасада на објект Лале и реконструкција и санација на под во објект Чекорче)
- конкурс за избор на идејно решение за изградба на 2 објекти на детски градинки (Пчелка 1 и нов објект кај Џеваир)
- Изработка на геодетски елаборати за посебни намени и нумерички податоци за детски градинки.

## V. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА И ГРАЃАНИТЕ

Од областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра, во текот на 2022 година, реализирани се следните мерки и активности:

1. Еднократна парична помош за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на подрачјето на Општина Аеродром:

- Финансиска поддршка за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на Јованка Крстева;

- Финансиска поддршка за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на Ќиро Кузманов;

- Финансиска поддршка за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на Милутин Митиќ и

- Финансиска поддршка за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на Стевче Чрчев.

2. Финансиска поддршка на здруженија за заштита и спасување на граѓани по објавен јавен повик од обласа на заштитата и спасувањето на граѓаните:

- Здружение за заштита и спасување Брза единица за теренска асистенција и

- Здружение на граѓани за остварување на правото и унапредување на човековите права, одржлив локален и рурален развој и културната различност-Единство на заедниците.

3. Финансиска поддршка на Општинскиот противпожарен сојуз Аеродром.

**5. Извештај за користењето на средствата од резерви**

Од средствата во буџетот на Општина Аеродром за 2022 година, кои се однесуваат на резервите, остварена е вкупна реализација од 960.145 денари. Истата се однесува на **програма А0 - Совет на општина**, ставка - Постојана резерва (непредвидливи расходи), исплатена во износ од 150.000 денари во вид на парична помош за граѓаните на Република Украина, како и **програма Д0 – Градоначалник**, ставка - Тековни резерви (разновидни расходи), исплатена во износ од 810.145 денари во вид на парична помош за смрт на вработени или член на потесното семејство на вработените во општината и општинските буџетските корисници.

## 6. Извештај од одговорниот сметководител

Во 2022 година реализирани се **приходи** во вкупен износ од 1.120.177.865 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 192.738.867 денари од пренесените приходи од минатата година).

Во рамките на **основниот буџет** на општината, вкупните реализирани приходи во 2022 година изнесуваат 603.740.548 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 174.814.224 денари од пренесените приходи од минатата година). Во делот на **донациите** вкупните реализирани приходи за 2022 година изнесуваат 22.519.439 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 17.752.932 денари од пренесените приходи од минатата година). Вкупните реализирани приходи од **самофинансирачките активности** на буџетските корисници на општината изнесуваат 43.882.400 денари. Вкупните реализирани приходи во делот на **блок дотациите** за 2022 година изнесуваат 450.035.478 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 171.711 денари од пренесените приходи од минатата година).

**Вкупните реализирани расходи** на Општина Аеродром за 2022 година изнесуваат 1.119.348.591 денари. Во делот на **основен буџет** реализираните расходи изнесуваат 603.740.548 денари, во делот на **блок дотациите**, вкупната реализација која се однесува на основните училишта и детските градинки на територијата на Општина Аеродром вкупно изнесува 450.035.478 денари, реализацијата на расходите во делот на **донациите** изнесува 22.519.439 денари, додека реализацијата на расходите во делот на **самофинансирачките активности**, изнесува 43.053.126 денари.

**ПРИЛОЗИ:**

- Биланси на приходи и расходи

# И З Ј А В А

Од Сунца Павловска, вработена во општинската администрација во Општина Аеродром, на работното место советник - одговорен сметководител.

Изјавувам дека податоците во завршната годишна сметка на Општина Аеродром за 2022 година, како и Годишниот извештај на Општина Аеродром за 2022 година се точни и веродостојни.

Советник – одговорен сметководител
Сунца Павловска

____________________

Датум:
24.02.2023 година